## РЕНОМИРАНА МАКЕДОНСКА УМЕТНИЧКА ИЗЛОЖУВА ВО ЈАПОНИЈА

# "Детски комитет" на Искра Димитрова во Јокохама



Во Музејот на современа уметност во Јокохама, Јапонија, во тек е самостојна изложба на македонската уметничка Искра Димитрова. Таа го претставува проектот "Детски комитет". Ова е нејзино петто претставување пред јапонската публика, а изложбата има многу публика, особено уметници и куратори, а на отворањето присуствуваше и почесниот конзул на Македонија, Момијама.

Јокохама Музејот на современа уметност е во зграда проектирана од славниот јапонски архитект Кензо Танге, и е еден од најголемите музеи во Јапонија. На светски план, познат е по интернационалната изложба "Јокохама триенале", кое ги вклучува најпознатите современи светски уметници. Во постојаната поставка на музејот се наоѓаат освен делата на најпознатите јапонски модерни и современи уметници и дела од Пикасо, Магрит, Брак, Сезан.

"Детски комитет" е инсталација во целосна темнина. Кога посетителот влегува во мракот, забележува десетици деликатни светла кои лебдат на најразлични нивоа насекаде низ просторот. Претставата за димензија на просторот сосема се губи, посетителот се чувствува како да лебди, понекогаш целосно губи ориентација и не знае од кој правец влегол. Стравот од непознатото се надминува со нежните детски гласчиња кои треперат од сите правци во просторот, раскажувајќи за своите секојдневни активности и светот во кој живеат.

Во основа, проектот се базира на зен-будистичкиот идеал на состојба слична на онаа на детето, каде што на секојдневните активности и предмети им се пристапува со оние радост, свежина и ентузијазам, кои се својствени на децата. За реализација на делото, направени се околу 30 интервјуа/снимки со деца од Јапонија во студио.

"Во проект се обработува и симболиката на светулката, која е особено експлоатирана тема во јапонската пишана култура. Во хаику поезијата се поврзува со вселената, хармонијата и детската невиност, но и со страсната љубов. Според јапонските верувања, светулката е отелотворување на душата, на онаа во сонот или онаа на мртвите (на пример, како алтернативна форма на душата на војниците, камиказите). Во урбаната култура, "племе на светулките" се нарекуваат пушачите кои мора да излезат на балконите бидејќи пушењето дома им е забрането и на тој начин создаваат поле од светулки во високите згради", вели Димитрова.

Димитрова во салата за предавања на Музејот одржа мултимедијална презентација/предавање за своето досегашно творештво низ компаративна анализа ("западна"- јапонска перспектива).